# совет за етика во медиумите на македонија

21.07.2015г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Јане Димески за текстот "Ордановски од директор со средно школо, до интелектуален рекетар на СДСМ", објавен на 16.06.2015 година на Интернет порталот puls24.mk.**

**Ж А Л Б А Т А Е О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 13 и 15.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно"*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот"*

Член 15.

*"Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста"*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

# совет за етика во медиумите на македонија

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 17.06.2015 година, лицето Јане Димески поднесе жалба за текстот "Ордановски од директор со средно школо, до интелектуален рекетар на СДСМ", објавен на 16.06.2015 година на Интернет порталот Пулс 24. Во жалбата се наведува дека во текстот известувањето не е точно и не е фер.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Пулс 24 со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Емилија Велиновска од редакцијата на Пулс 24 достави одговор на наводите на Јане Димески. Во одговорот се вели дека во спорниот текст уредно се наведени изворите, односно ставот што е пренесен од страна на новинарот и дека содржината е поткрепена со колумната која е наведена во истиот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстовите е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 06.07.2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Јане Димески, направи увид во наведениот текст и го разгледа одговорот добиен од редакцијата на Пулс 24.

Комисијата констатираше дека авторот на почетокот на текстот излегува со следново тврдење: **"Поранешниот директор на Транспаренси интернешнл и на МРТ, Сашо Ордановски изминатиов период важи за еден од најблиските советиците на опозицискиот лидер Зоран Заев и СДСМ. Заедно со Љубомир Фрчкоски, Бранко Героски и првиот човек на соросовата фондација во земјава Владимир Милчин, искажаните ставови на Орданоски станувaaт и ставови на Заев и СДСМ.**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

# совет за етика во медиумите на македонија

**Според дел од написите во медиумите, како и тврдењата на познавачите, во моментот кога станал директор на МРТ, Ордансоки бил со завршено средно образование, но тоа не претставувало никаква пречка да спроведат скандалозни чекори на штета на вработените и на граѓаните."**

Како што може да се увиди од овој дел од текстот, авторот тврди дека првиот човек на опозицијата Зоран Заев бил советуван од Љубомир Фрчкоски (поранешен министер), Бранко Героски (новинар) и првиот човек на соросовата фондација во земјава Владимир Милчин (некогашен претседател на НВО), и искажаните ставови на Орданоски (новинар) станувале и ставови на Заев и СДСМ. За ова тврдење, авторот не понудил никаков доказ или изјава, не објавува дали станува збор за шпекулација или претпоставка, ниту за оваа констатација ја обезбедил втората страна и на гореспоменатите лица им овозможил да го кажат својот став. Понатаму, авторот не прави статусна разлика меѓу споменатите лица, не прави разлика помеѓу јавен интерес и интерес на јавноста. Во конкретниот текст, легитимна новинарска цел е поранешниот министер Љубомир Фрчковски кој како поранешен носител на функција подлежи на политичка медиумска дебата согласно Декларацијата за политичка дебата во медиумите на Комитетот на министрите на Советот на Европа.

Понатаму, авторот не прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот и посочува дека неговото тврдење претходно го потврдил и во неодамнешна колумна и новинарот Драган Павловиќ- Латас и пренесува негови цитати:

**"Се продава себе за новинар, интелектуалец као со добри врски во дипломатијата. Патем, од новинарска плата во бедниот нискотиражен Форум заработи куќа во Бардовци од брат-брату, по процена, барем милион евра. Во времето на СДСМ стана главен уредник на МТВ без да има завршен факултет, а беше веќе возрасен човек. Мораа да го сменат, по систематизација без школо неможе да ја држи таа функција, пишуваше Латас.**

# совет за етика во медиумите на македонија

**Лицемерно, деновиве изјавува дека го смениле заради бунтовништво.**

**-Иди бе браон главо празноглава, поработи уште малку за крвавите косовски пари на Ветон Сурои. Од тие крвави косовски пари Ордановски живее со децении, им го пу*и на косовските олигарси и нивните криминалци, како што ги правдаше и величеше и во случајот со терористите од Куманово, кои за него се жртви на македонската полиција."**

Поради ова Комисијата констатираше дека авторот не ја негувал културата на говорот и етиката, пренесува содржини кои претставуваат непримерната комуникација со јавноста со употреба на експлицитни сексуални изрази.

***

Комисијата за жалби констатираше дека во содржината станува збор за нарушување на три члена од Кодексот на новинарите на Македонија, односно членовите 1, 13 и 15.

Комисијата за жалби најде дека во текстот "Ордановски од директор со средно школо, до интелектуален рекетар на СДСМ" објавен на 16.06.2015 година на интернет порталот puls24.mk. прекршен е член 1 од Кодексот на новинари, во контекст на тоа дека новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека со текстот е прекршен и член 13 од Кодексот каде се вели дека новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Комисијата за жалби најде дека во текстот е прекршен и член 15, каде се вели дека новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Сефер Тахири и Мери Јордановска.

**Се обврзува порталот puls24.mk, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595